Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), и Статутарните одлуки за изменување и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 13/14, 3/19 и 5/21), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров – Скопје, го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на повторна:

**Јавна анкета и Јавна презентација**
**на предлог Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Орман,**
**блокови 11, 12, 13, 14, 15, 15.1, 16 и 17,**
**Општина Ѓорче Петров**

Планскиот опфат на Изменувањето и дополнување на Урбанистички план за село Орман, блокови 11, 12, 13, 14, 15, 15.1, 16 и 17, Општина Ѓорче Петров е со следните граници на плански опфат:

- на **север** границата на планскиот опфат започнува од точката 226 со координати Y=7529909,6849 и X=4656871,0034, се движи во источен правец по осовината на обиколницата – автопат А2 Е-65, до точка 187 со координати Y=7530769,8913 и X=4656613,3020.
- на **исток** границата започнува да се движи кон југ по коритото на реката Лепенец, сè до точката 167 со координати Y=7530827,5429 и X=4655919,6659. Оваа граница е дефинирана со ГУП на Град Скопје 2012 – 2022.
- на **југ** границата продолжува кон југозапад и ја обиколува КП 508/2, продолжува да се движи кон запад по јужните граници на КП 508/3, КП 508/4, ја сече КП 620/1, продолжува по јужните граници на КП 619, КП 618/4, КП 618/3, КП 618/2, продолжува по југозападните граници на КП 635, КП 615, КП 614/1, КП 614/3, КП 613/2, КП 612, КП 611, КП 609/1, КП 608/1, КП 608/2, КП 607/11, КП 607/12, КП607/7, КП 607/3, КП 607/4, КП 607/8, КП 634, КП 558/5, КП 558/7, КП 556/8, КП 556/2, КП 556/1, КП 556/3, КП 555/1, КП 555/7, КП 555/8, КП 555/9, КП 555/10, КП 554/4, КП 5554/2, КП 554/3, КП 553/1, КП 553/3, КП 553/2, сè до точка 7 со координати Y=7529837,5800 X=4656388,0300.
- на **запад** од точката 7 со координати Y=7529837,5800 X=4656388,0300 границата започнува да се движи по осовината на железничката пруга кон север, сè до почетната точка 226 со координати Y=7529909,6849 и X= 4656871,0034.

Вкупната површина на планскиот опфат на Изменувањето и дополнување на Урбанистички план за село Орман, блокови 11, 12, 13, 14, 15, 15.1, 16 и 17, Општина Ѓорче Петров, изнесува **63,95 ha**.

- Јавната анкета ќе трае **5** работни дена од **26.07.2021 год.** до **30.07.2021 год.**, согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Вечер“ и „Нова Македонија“, во информацискиот систем е-Урбанизам и на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Во периодот на јавна анкета и јавна презентација предлогот на Изменувањето и дополнување на Урбанистички план за село Орман, блокови 11, 12, 13, 14, 15, 15.1, 16 и 17, Општина Ѓорче Петров, ќе биде изложен во просториите на **МЗ Волково**, Општина Ѓорче Петров, секој работен ден од **08:00 до 15:00 часот**.
- Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Вечер“ и „Нова Македонија“, во информацискиот систем е-Урбанизам и на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Јавна презентација со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции и за заинтересираните граѓани ќе се одржи на **28.07.2021** год. во **14:00 часот** во просториите на **МЗ Волково**.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-Урбанизам или во писмена форма.

Број 05 - 5178

од 19.07., 2021 година

Скопје

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Општина Ѓорче Петров СКОПЈЕ

**Александар Наумоски**